**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на градот Скопје за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година

Скопје, мај 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 05/02) и Програмата на активности од обласа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.07/23) Советот на Град Скопје, на __________ седница, одржана на ___________ 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на градот Скопје за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука, Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година.

**Член 2**

Максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година изнесува најмногу до 20.000,00 денари во нето износ. Данокот на личен доход ќе биде на товар на Град Скопје.

Доделувањето на поединечната субвенција се врши со намена за надоместување на трошоците направени за набавка на поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година врз основа на доказ за извршено купување на еден или повеќе уреди и тоа со фискална/и сметка/и или фактура со прилог уплатница или фактура со прилог извод од деловна банка за извршена уплата во целост, со датум од 01.01.2023 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за доделување на поединечната субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје, но не подоцна од 01.11.2023 година, при што задолжително е високоефикасниот клима уред да е целосно отплатен. Плаќањето на рати не се прифаќа.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 10.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, Програма Р1, ставка 464, подставка 464990.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓаните за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________
__.__.2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Трајко Славески

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) согласно кој Советот на Град Скопје е надлежен да одлучува за донесување на одлуки и Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.07/23).

Со Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година, во глава III точка 5 е предвидено Град Скопје да даде субвенции на граѓаните на градот Скопје за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година со цел инвестирање во нов начин на греење, со кој ќе се намали загадувањето на воздухот во град Скопје, ќе се намалат трошоците за греење на граѓаните, а ќе се подобри нивниот комфор и удобност.

За таа намена се предлага давање на поединечна субвенција во максимален износ најмногу до 20.000,00 денари во нето износ, по барател. Финансиските средства во вкупен износ од 10.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, Програма Р1, ставка 464, подставка 464990.

Доделувањето на поединечната субвенција се врши со намена за надоместување на трошоците направени за набавка на поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година врз основа на доказ за извршено купување на еден или повеќе уреди и тоа со фискална/и сметка/и или фактура со прилог уплатница или фактура со прилог извод од деловна банка за извршена уплата во целост, со датум од 01.01.2023 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за доделување на поединечната субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје, но не подоцна од 01.11.2023 година, при што задолжително е високоефикасниот клима уред да е целосно отплатен. Плаќањето на рати не се прифаќа.

Условите, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенцја ќе ги пропише Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на кои субвенциите ќе се доделуваат по пат на јавен повик.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на градот Скопје за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2023 година.

.